**Република Северна Македонија**
**Влада на Република Северна Македонија**
**Центар за Управување со кризи**

Дел. Бр. 14-10/224
13.08.2019 година

**Предмет: ИНФОРМАЦИЈА за состојбите и настаните во Република Северна Македонија за перидот од 08:30 часот На ден 12.08.2019 г. до 08:30 часот на ден 13.08.2019 г.**

Центар за управување со кризи

Димче Мирчев бр.9
П.ФАХ 372 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3249 101

**Информацијата е изработена според добиените писмени информации од Регионалните центри за управување со кризи, како и информациите од други субјекти кои учествуваат во системот за управување со кризи, во кои се наведуваат состојбите во областите за кои се надлежни.**

**За наведениот период ЦУК ги презентира следните обработени и селектирани информации:**

## 1. ЕЛЕМЕНТАРНИ И ДРУГИ НЕПОГОДИ

### *1.1. Активни пожари*

**РЦУК – Охрид,** известува дека околу 12:30 часот на ден 11.08.2019 година во **м.в.Краста-Бигори** западно од **с.Велмеј** на површина од 50 ха гори нискостеблеста деградирана шума, смрека и сува дрвна маса од поранешно сечиште. На ден 12.08.2019 година интервенирале 30 вработени од ШС Галичица, ТППЕ Охрид со 2 возило и 6 пожарникари, претставници на РЦУК Охрид и ДЗС Охрид, ЛС Дебарца. Од 14,30 дејствувале 2 авиони на ДЗС кои до 16,30 часот извршија 10 авио налети. На терен во текот на ноќните часови останала дежурна екипа ШС Галичица Охрид. Пожарот е **активен.**

### *1.2. Останати пожари*

**РЦУК – Скопје,** известува дека **БППЗ на град Скопје** во периодот од 10:50 до 11:15 часот интервенирале на запалено патничко моторно возило на **ул.Ристо Шишков.** Интервенирале со 1 ПП возило и 3 пожарникари. (Опш.Центар); Во периодот од 11:10 до 13:25 часот со 1 ПП возило и 3 пожарникари интервенирале на запалена сува трева на површина од околу 500 м$^2$ во атарот на **с.Кучково**. (Опш.Ѓорче Петров); Во периодот од 20:05 до 21:05 часот со 2 ПП возила и 5 пожарникари интервенирале на запалено патничко моторно возило на **Бул. 3 Македонска Бригада бр. 3/38**. (Опш.Аеродром); Во периодот од 21:00 до 21:25 часот со 1 ПП возило и 3 пожарникари интервенирале на запалена сува трева на **ул.Лазар Личеновски бб**. (Опш.Центар); Во периодот од 22:40 до 00:15 часот со 3 ПП возила и 7 пожарникари интервенирале на запалена шупа-куќа на **ул.Благоја Стефковски бр. 3/1**. (Опш.Гази Баба). Имале и 2 помали интервенци на различни локации во градот.

**РЦУК – Куманово,** известува дека **ТППЕ Куманово** од 16:55 до 03,45 часот во близина на **Железничка станица** интервенирале на запалени дрвени прагови кои се извадени од железничка пруга и истите

се наредени во должина на 50 метри и висина од 10 метри. Од ТППЕ Куманово интервенирале со 10 ПП возила и 30 пожарникари. За гаснење биле вклучени и од МЖ со воз цистерни. Пожарот е изгаснат.

**РЦУК – Охрид,** ја пренесува информацијата од **ШС Лопушник** во која се наведува дека појавениот шумски пожар кај **село Белица** е локализиран од страна на 5 вработени од ШС Лопушник. Во текот на ноќта дежурал една екипа од ШС, а во раните утрински часови ќе биде извршена контрола.

**РЦУК – Битола**, ја пренесува информацијата од **ТППЕ Крушево** во која се наведува дека на ден **11.08.2019 година** во период од 18:30 до 23:00 часот, интервенирале на пожар во атар на **с.Подвис**, општина Крушево. Со пожарот била зафатена деградирана нискостеблеста дабова шума и стрниште.

**ТППЕ Битола**, известува дека **ТППЕ Битола** со 1 ПП возило и 3 пожарникари гаселе запалена сува трева во атарот на **с.Цапари**.

**РЦУК – Струмица,** ја пренесува информацијата од **ШС „Кожув“** во која се наведува дека пожарот на **Кожуф - м.в.Исирова пресека** е ставен **<u>под контрола</u>**. Од **ШС „Кожув“** интервенирале со 2 возила и 10 вработени со напртначи.

**ТППЕ Валандово** интервенирале на пожар над **Грчиште м.в. Погана**. Интервенирале со 4 пожарникари и 1 ПП возило и 7 вработени со 2 теренски возила од Ш.С.Саланџак. Пожарот е изгаснат. Со 3 ПП возила и 10 пожарникари интервенирале на запалена канцеларија во полициската станица **Валандово**.

**РЦУК – Тетово,** известува дека **ТППЕ-Тетово** со 1 ПП возило и 3 пожарникари интервенирале во гасење на запалена нискостеблеста шума и сува трева во **с.Волковија**-Општина Брвеница и со 1 ПП возило и 3 пожарникари интервенирале во гасење на запалена сува трева во близина на старото медицинско училиште во **Тетово**.

Од **ТППЕ-Гостивар** известуваат дека во 11:00 часот повторно бил пријавен пожарот во **Русино** дека е активен и сеуште чади. Од ТППЕ-Гостивар на лице место пуштено е 1 ПП возило со 2 пожарникари, кои известија дека нема опасност. Багерот од **ЈП-Комуналец** работел на депонијата каде што сеуште има опасност од појава на загадување на воздухот на терен постојано се екипи од ЈП-Комуналец кои со помош на механизација од багери го оневозможуваат проширувањето на загадување на воздух со постојано затрупување на опожарените површини со земја.

**РЦУК - Штип,** известува дека **ТППЕ Берово** интервенирале на запалена плевна во **село Умлена**. Интервенирале со 2 ПП возила и 4 пожарникари. Пожарот е локализиран и изгаснат но од превентивни причини бидејки во близина на плевната има слама сено и друг лесно

запалив материјал екипа од ТППЕ Берово со 1 возило останале на местото на пожарот преку целата ноќ.

## 2. ТЕХНИЧКО – ТЕХНОЛОШКИ КАТАСТРОФИ

### *2.1. Радиолошка, хемиска или биолошка контаминација и загадување на воздухот, водотеците и човековата околина*

Согласно информациите добиени од **Центрите за јавно здравје** односно нивните подрачни единици, кои ги доставиле до Институтот за јавно здравје до 01.08.2019 година, а во врска со спроведената дератизација и дезинсекција на територијата која ја покриваат, може да се констатира дека:

1. Во текот на 2019 година на територијата на Северна Македонија спроведена е дератизација во следните општини: Велес, Чашка, Гевгелија, Богданци, Дојран, Куманово, Крива Паланка, Кратово, Прилеп, Долнени, Кривогаштани, Македонски Брод, Аеродром, Кисела Вода, Бутел, Сарај, Шуто Оризаре, Чучер Сандево и Маврово Ростуше.

2. Ларвицидна дезинсекција е извршена прва фаза во општините: Богданци, Свети Николе, Кочани, Ранковце, Петровец, Јегуновце, Долнени, Кривогаштани, Македонски Брод и Крушево, втора фаза во: Гевгелија, Дојран, Чешиново Облешево, Куманово, Прилеп, град Скопје и Пробиштип и три фази во Штип.

3. Адултицидна терестичка дезинсекција е спроведена прва фаза во општините: Дојран, Росоман, Неготино, Демир Капија, Берово, Старо Нагоричане, Долнени, Кривогаштани, Македонски Брод и Крушево, Петровец, Илинден, Брвеница, Гостивар, Врапчиште и Маврово Ростуше, втора фаза во: Гевгелија, Кочани, Зрновци, Чешиново Облешево, Виница, Липково, Ранковце и Прилеп, трета фаза во: Кавадарци и Штип, а четврта фаза во град Скопје и Пробиштип.

4. Авиодезинсекција е извршена прва фаза во општините: Богданци, Дојран, Лозово, Куманово, Крива Паланка и Кратово, втора фаза во: Чашка, Свети Николе, Кочани, Чешиново Облешево, Виница, Струмица, Босилово, Василево, Ново Село, Конче и трета фаза во Велес.

5. За општините: Градско, Делчево, Пехчево, Македонска Каменица, Пласница, Тетово, Боговиње, Теарце и Карбинци, како и за општините на територија на ЦЈЗ Битола, ЦЈЗ Охрид и ЦЈЗ Скопје не се пристигнати информации за спроведување на активности за дезинсекција согласно Акциониот план за ставање под контрола на заболувања кои се пренесуваат преку вектори со посебен акцент на комарци и крлежи како вектори.

## 3. НАРУШУВАЊЕ НА РЕДОВНИТЕ СОСТОЈБИ ВО КОМУНАЛНАТА СФЕРА, СООБРАЌАЈОТ И ПРИ ПРОБЛЕМИ ВО СНАБДУВАЊЕТО СО ЖИВОТНИ НАМИРНИЦИ И МАТЕРИЈАЛНИ ДОБРА

### *3.1. Водоснабдување*

**РЦУК – Скопје,** ја пренесува информацијата од **ЈП Водовод и канализација** во која се наведува дека поради дефект на шибер од ф 80мм на **бул.Партизански Одреди бр.131,** од 08:30 до 11:00 часот без вода останале корисниците на **бул.Партизански Одреди** згради **129** и **131**. (опш.Карпош); Заради уличен дефект ф-80мм на **Бул.Македонска Косовска Бригада 16,** од 09:00 до 15:00 часот, без вода останале дел од корисниците од **бул.Македонска Косовска Бригада** и дел од **ул.Прохор Пчински.** (опш.Чаир); Поради дефект на затварач ф-125мм на **ул.Гарибалди 1,** од 13:30 до 17:00 без вода останале корисниците од улиците: **Гарибалди, Гвадалахара** и **Плачковица**. (опш.Шуто Оризари). Поради дефект на водоводна цевка со пречник 125 мм на **ул.Гарибалди бр.1,** без вода од 18:20 до 20:30 часот останаа корисниците од истата улица и улиците **Гвадалахара, Плачковица** и **Јури Розентал**. (Опш.Шуто Оризари).

**Од граѓани од населба викендици Голиево има поплака дека веќе два дена се без вода за пиење од локалниот водовод. За настанатата сосотјба известени се ЈКП Чучер Сандево.** Поради енормно зголемената потрошувачка на вода во последните два дена на највисоките места во општината има прекин во водоснабдувањето. Истите рекоа дека со знаење на Градоначалникот можно е да бидат воведени распореди т.е. планирани исклучувања на поедини реони се со цел недостигот на вода сите подеднакво да го поделат.

**РЦУК – Битола,** ја пренеусва информацијата од **ЈП Водовод и канализација** од **Прилеп** во која се наведува дека поради дефект на водоводната мрежа во пеирод од 08:00 до 14:00 часот без вода останале корисниците од **улиците: Антон Панов, Струшка и Владо Стојаноски.**

**Од страна на месното населние во селта Локвица и Вир, општина Мкаедонски Брод сме известени дека поради дефект на водоводната мрежа, подолг временски период (15 дена) се без вода за пиење од локалниот водовод. Од страна на РЦУК Македонски Брод известена е општина Македонски Брод да превземе активности за надминување на состојбата со водоснабдувањето. Во овие две села се одгледуваат околу 500 кози, 200 овци и неутврдена бројка на крупен добиток, свињи и живина.**

**РЦУК – Охрид**, ја пренесува информацијата од **ЕЛС Мак.Брод** во која се наведува дека известува дека водоснабдувањето од локалниот водовод за **селата Локвица** и **Вир** е во прекин 15 дена поради дефект на цевководот предизвикан од фирма изведувач на изградба на

хидроцентрала. Се превземаат мерки за одстранување на дефектот во пократок рок.

Од **ЈКП Стандард-Дебар** известуваат дека има рестрикција во снадувањето со вода за пиење од 13,00 до 16,00 часот.

**РЦУК – Охрид,** ја пренесува информацијата од **ЈП Солидарност** во која се наведува дека поради пукната водоводна цефка од Ф-100 без вода за пиење од 08.00 до 12.00 часот останале жителите на **ул.Д.ГДидо – Виница.**

*3.2. Електроснабдување*

**ЕВН Македонија известува дека поради планирани зафати на електро дистрибутивната мрежа на ден 14.08.2019 година без електрична енергија ќе останат:**

- **Од 09:05 до 15:30 часот, корисниците од с.Издеглавје, с.Слатино, с.Оздолени, с.Сошани, МХЕ Слатино, Антена ФАР-предавател на МНАВ. (опш.Охрид)**
- **Од 10:00 до 17:00 часот, корисниците од с.Мајден, место викано Привуш и Круша. (опш.Кавадарци)**
- **Од 10:00 до 11:30 часот, корисниците од селата: Пелинце, Челопек, Коинце, Никужане, Алгуња, Муталово, Карабичане, Жегљане, Кокино, Длабочица, Степанце, Рамно, Муталово, Стрновац, Клечовце, Новосељане, Војник, Мургањ, Кшање, Скачковце, Габреж, Руѓинце, Карпино, Сув ора, Облавце, Бајловце, Макреш, Јачинце, Довезенце, Бељаковце, Старо Нагоричино. (опш.Куманово)**
- **Од 08:03 до 15:00 часот, корисниците од ул.Стрмашево и дел од ул.Кавалска. (опш.Гази Баба)**
- **Од 09:00 до 13:00 часот, корисниците од с.Нараште.(опш.Тетово)**
- **Од 09:00 до 14:00 часот, корисниците од Караула Радуша, село Радуша, село Орашје, село Дворце. (опш.Сарај)**
- **Од 09:30 до 15:00 часот, корисниците од дел од ул.Бистра Планина. (опш.Прилеп)**
- **Од 10:00 до 14:30 часот, корисниците од ул.25-ти Мај во населба Бел Камен. (опш.Свети Николе)**
- **Од 09:00 до 10:00 часот, корисниците од објектите позади Хелга на В. С. Бато. (опш.Тетово)**
- **Од 10:00 до 14:00 часот, корисниците од с.Преод. (опш.Штип)**
- **Од 12:00 до 15:00 часот, корисниците о ддел од с.Железна Река. (опш.Гостивар).**

***3.3. Производство на електрична енергија***

**РЦУК – Битола,** ја пренесува информацијата од **РЕК – Битола** во која се наведува дека **ТЕ – 1** работел со снага од 185 **MW** и **ТЕ – 2** работеле со снага од 180 MW и **ТЕ – 3** работеле со снага од 160 MW

**РЦУК – Тетово,** ја пренесува информацијата од **ЕЛЕМ ХЕЦ Маврово“** во која се наведува дека **ХЕЦ „Вруток“** произвела 426.000 квч, **ХЕЦ „Равен“** произвела 48.000 квч и **ХЕЦ Врбен** произвела 20.592 квч електрична енергија.

**РЦУК – Охрид,** известува дека **ХЕЦ Глобочица** има произведено 257.000 квч електрична енергија.

***3.4. Нарушување на сообраќајот***

Во извештајот добиен од **АМСМ** во **06:00** часот на ден **13.08.2019 година** се наведува дека сообраќајот на државните патишта се одвива по суви коловози.

Интензитетот на сообраќај на патните правци надвор од градските средини е зголемен. Бележиме зголемена фреквенција на возила на ГП Богородица каде времето на чекање за излез од државата е од 15 до 30 минути. На останатите гранични премини, од македонска страна, нема подолги задржувања за влез и излез од државата.

Забраните за движење на тешки товарни возила, на државните патишта и на магистралниот пат, Скопје – Охрид – Скопје се на сила до 01.09.2019 година и истата важи за време на викендите во одредени временски интервали.

**АМСМ** известува и дека на неколку места низ државата се изведуваат градежни работи на пат, каде е поставена соодветна сообраќајна сигнализација.

**РЦУК – Скопје,** ја пренесува информацијата од **Македонски железници,** во која се наведува дека поради високите температури, во периодот од 12:00 до 19:00 часот, има ограничување на максималната брзина на движење на возовите на **50 км/час.** Железичкиот сообраќај на потегот станица **Јане Сандански – Зелениково** кој бил во прекин заради искривување на шините во 23,00 часот е пуштен за сообраќај.

**4. ОСТАНАТИ ИЗВЕСТУВАЊА**

***4.1. Управа за хидрометеоролошки работи – временска прогноза***

**ВРЕМЕТО ДЕНЕС:** Сончево и многу топло со слаб ветер од југоисточен правец. Минималната температура ќе се движи од 14 до 22, а максималната од 35 до 41 степен. УВ= 9.

Во **Скопје**, Сончево и многу топло. Т.мин 21, а Т.макс до 40 степени.

**ВРЕМЕТО ВО НАРЕДНИТЕ ДЕНОВИ:** денес насекаде, а во среда само во јужните делови ќе биде активирано портокалово ниво на опасност од високи температури и УВ зрачење. Во среда кон крајот на денот и во

четврток на места ќе има зголемување на облачноста со пороен дожд, грмежи и засилен ветер, локално во форма на невреме. Од четврток температурата ќе опадне за 5 до 8 степени, најпрвин во северните делови, а од петок и насекаде низ земјава.

### *4.2. Институт за трасфузиологија*

**РЦУК – Скопје,** ја пренесува информацијата од **Институтот за трансфузиона медицина на Република Македонија** во која се наведува дека на ден **13.08.2019 год. (вторник)** се планирани крводарителни акции со граѓаните на **Велес** и **Штип**.

**РЦУК – Тетово,** известува дека општинската организација на **Црвен Крст-Тетово** и **Службата за трансфузиологија** при **Клиничката Болница-Тетово,** на ден **15.08.2019 година** во периодот од 09:00 до 15:00 часот организираат крводарителна акција во просториите на **СВР-Тетово**.

**Оперативен центар на Центарот за управување со кризи на Р.Македонија, телефон 02/3249-211, 02/3249-212; факс: 02/3249-213, 02/3136-226; e-mail: situacionen.centar@cuk.gov.mk**

**Информацијата е изработена врз основа на:** Информација од РЦУК Скопје бр.224 од 12/13.08.2019; Информација од РЦУК Битола бр.16-3/224 од 12.08.2019 со Податоци за состојба со водите; Вонредна Информација од РЦУК Охрид бр.16-3/267 од 12.08.2019; Информација од РЦУК Струмица бр.16-3/471 од 12.08.2019 со Податоци за состојба со водите; Информација од РЦУК Охрид бр.16-3/268 од 12.08.2019 со Податоци за состојба со водите; Информација од РЦУК Велес бр.16-3/224 од 12.08.2019 со Податоци за состојба со водите; Информација од РЦУК Штип бр.16-3/224 од 12.08.2019 со Податоци за состојба со водите; Информација од РЦУК Куманово бр.16-3/314 од 12.08.2019 со Податоци за состојба со водите; Информација од РЦУК Тетово бр.17-245 од 12.08.2019 со Податоци за состојба со водите; Вонредна Информација од РЦУК Штип бр.1 од 12.08.2019; Најава за планирани прекини од ЕВН од 12.08.2019; Временска прогноза, Дневна хидролошка состојба и Информација од УХМР од 12.08.2019; Известувања од АМСМ од 12/13.08.2019.

**Подготвил:** Башким Мемети
**Прегледал:** Иван Митевски

**ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ**
**СО КРИЗИ**
**Оперативен дежурен центар**

**Доставено до:**
1. Претседател на Република Северна Македонија
   **Кабинет на Претседателот**
2. Влада на Република Северна Македонија
   **Кабинет на Премиерот**
   **Генерален секретар**
3. Министерство за внатрешни работи
   **Кабинет на Министерот**
   **ДОЦ на МВР**
4. Министерство за надворешни работи
   **Кабинет на Министерот**
5. **Агенција за Разузнување**

6. Министерство за одбрана
   **Кабинет на Министерот**
   **ОЦ на ГШ на АРМ**
7. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
   **Кабинет на Министерот**
   **Агенција за храна и ветеринарство**
   **Управа за хидрометеоролошки работи**
8. Министерство за здравство
   **Кабинет на Министерот**
9. Министерство за животна средина и просторно планирање
   **Кабинет на Министерот**
10. Министерство за транспорт и врски
    **Кабинет на Министерот**
    **Агенција за државни патишта**
11. Министерство за образование
    **Кабинет на Министерот**
12. Дирекција за заштита и спасување
13. ЈП „Македонски шуми“
14. Државен инспекторат за шумарство и ловство
15. ЕВН
16. Црвен крст на РМ
17. АМСМ
18. Мисија на ОБСЕ
19. Амбасада на САД
20. Амбасада на Р.Франција
21. Обединети нации (UNDSS)
22. Светска здравствена организација
23. ПК на Совет на Европа Скопје
24. Македонија Пат
25. Корисници во ЦУК (по посебен список)
26. Архива